О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

30 Јануари 2018 година, Гевгелија    Број 1    Година XXXIX

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р. Македонијаг, бр.05/02г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за учество на општина Гевгелија во реализација на проектот „Изградба на две прифатилишта за бездомни животни“ во Гевгелија и Струмица, во рамките на Југоисточниот плански регион**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за учество на општина Гевгелија во проектот за **„Изградба на две прифатилишта за бездомни животни“ во Гевгелија и Струмица, во рамките на Југоисточниот плански регион.**

Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а партнери во проектот се општина Гевгелија, општина Струмица, општина Богданци, општина Босилово, општина Валандово, општина Василево, општина Дојран, општина Конче, општина Ново Село и општина Радовиш.

**Член 2**

Средствата за сопствено учество, во износ од 2.695.961 денари ќе бидат наменети за изградба на две прифатилишта за бездомни животни во Гевгелија и во Струмица.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-188/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на членовите 89 и 123 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2018 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2017 година, со сите забелешки и предлози искажани во дискусијата по него.

2. Се задолжуваат надлежните служби од општина Гевгелија еден примерок од Годишниот извештај, по усвојувањето, да достават до Државната комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-189/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 9 од Законот за Слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр. 13/06, 86/08, 06/2010, 42/2014, 148/2015 и 55/2016) и член 118, став (4) од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/2006 и 8/2010), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на Листа на информации од јавен карактер, чиј имател е општина Гевгелија

**I. Општ дел.**

Тргнувајќи од законската одредба дека, Информација од јавен карактер е информација во било која форма, која ја создал и со која располага имателот на информацијата, односно со неа располага само имателот на информацијата, согласно неговите надлежности, како и фактот дека органите на општина Гевгелија – советот и градоначалникот на општината, своите надлежности ги извршуваат преку носење на конкретни акти - Информациите од јавен карактер со кои располага општина Гевгелија се во форма на општи документи (Статут, Деловник, Буџет, Годишна сметка за извршување на буџетот) како и во форма на Годишни програми, извештаи за извршување на тие програми, Годишни или периодични стратегии, планови или програми, одлуки, решенија, заклучоци, мислења, записници, насоки, ставови и други акти.

Општина Гевгелија, ценејќи ја јавноста во работењето како свој врвен приоритет, а целосната имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како императив, сакајќи да обезбеди квалитетен пристап до информациите од јавен карактер и да ја поедностави постапката за слободен пристап, утврдува листа на информации од јавен карактер дефинирана според надлежностите дадени со закон.

**II. Листа на информации од јавен карактер.**

1.Статут на општина Гевгелија;

2.Деловник за работа на Советот на општина Гевгелија;

3.Програма за работа на Советот на општина Гевгелија;

4.Буџет на општина Гевгелија;

5.Годишна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија (Квартални извештаи за извршување на буџетот);

6.Одлука за висината на стапките на даноците и висината на надо-местоците и таксите;

7.Урбанистички планови, урбанистичка документација (за градот Гевгелија, населените места како и планови вон населено место);

8.Програма за уредување на градежно земиште (Извештај за реализација на програмата);

9.Програма за одржување на сообраќајна сигнализација (Извештај за реализација на програмата);

10.Одлука за регулирање на режимот на сообраќај;

11.Прописите од областа на животната средина и природата, социјалната и заштитата на децата, образованието, културата, здравствената заштита, противпожарната заштита во рамки на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националните програми (Локален еколошки и план, локални програми, стратегии, акциони планови и други акти);

12. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици (Извештај за реализација на Програмата);

13. Програма за јавно осветлување (Извештај за реализација на Програмата);

14. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализациони системи (Извештај за реализација на програмите);

15. Програма за одржување на јавна чистота (Извештај за реализација на Програмата);

16. Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење (Извештај за реализација на Програмата);

17. Програма за одржување на гробиштата (Извештај за реализација на Програмата);

18. Програма за одржување на коритата на реките во урбанизираните подрачја (Извештај за реализација на Програмата);

19. Одлука за јавна чистота;

20. Одлука за општински линиски превоз;

21. Одлука за одржување и користење на јавни пазаришта;

22. Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;

23. Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација;

24. Акт со кој се уредува начинот на чистење на оџаците;

Други акти со кои се уредува:

25. Одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на негово користење;

26. Определување на имињата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;

27. Одлуки за основање на јавни служби;

28. Одлуки за именување членови на управните и надзорните одбори на јавните служби основани од општината;

29. Програми за работа и планови за финансирање на планираните активности (Извештаи за реализацијата на истите) на јавните служби основани од општината;

30. Одлуки за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење (во согласност со закон);

31. Извештаи за работењето и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;

32. Одлуки за начинот на располагање со сопственоста на општината;

33. Одлуки за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината;

34. Одлука за избор на лице кое раководи со подрачната единица на министерството за внатрешни работи во општината;

35. Извештаи за јавната безбедност на подрачјето на општината;

36. Одлука за избор (и разрешување) на претседател на Советот на општината;

37. Одлука за формирање на постојани и повремени комисии на Советот на општината;

38. Акти за вршење на одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;

39. Акти за востановување и доделување на општински награди и прознанија;

40. Мислења и предлози по предлог закони кои се однесуваат на општината;

41. Акти со кои градоначалникот решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица;

42. Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација;

43. Акти со кои градоначалникот одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администра-ција;

44. Акти со кои градоначалникот врши избор на директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс;

45. Акти со кои се врши спроведување на планот за јавни набавки;

46. Акти со кои градоначалникот обезбедува уставно и законито извршување на одлуките на советот, вклучително и актите кои се носат за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на акти донесени од страна на советот;

47. Акти со кои градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, и

48. Други акти кои ќе произлезат од тековното функционирање на органите на општина Гевгелија во врска со извршување на законските надлежности.

**III. Спроведување на Одлуката.**

За посредување помеѓу општина Гевгелија како имател на информации од јавен карактер и барателите на информации, односно за спроведување на Одлуката, одговорно е службеното/те лице/а определено од градоначалникот на општина Гевгелија.

Одлуката ќе биде достапна на огласната табла на општината и на веб порталот на општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk)

Одлуката стапува на сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-190/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 14 став (1) од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ("Службен весник на РМ" бр.13/11г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 г.), а во врска со член 5 став 2 алинеа 2 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 41/14,

104/15 и 39/16г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2018г., донесе

**О Д Л У К А**
**за ажурирање на процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од ажурирање на Процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности, изработена во 2014 година.

**Член 2**

Ажурирањето на Процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности е обврска на Регионалниот центар за управување со кризи – Подрачно одделение од Гевгелија.

**Член 3**

Ажурирањето на Процената за загрозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите ризици и опасности се врши во првиот квартал од тековната година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.09-191/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование (Основен текст на закон Сл.весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.01.2018 година утврди:

**П Л А Н**
**за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2018/2019 год.**

Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2018/2019 година, во прва година се планира да се запишат вкупно 374 ученици; распоредени во 11 паралелки,

- во настава на македонски јазик вкупно 374 ученици распределени во 11, паралелки;

- во настава на албански јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на турски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на српски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

1. УЧИЛИШТЕ

Име на училиштето Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

***Гимназиско образование***

Во прва година се планира да се запишат 170 ученици, во 5 паралелки.

- во настава на македонски јазик..................................170 ученици, во 5 паралелки;
- во настава на албански јазик........................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на турски јазик................................................ / ученици, во / паралелки;
- во настава на српски јазик................................................/ ученици, во / паралелки.

***Стручно образование***

Во прва година се планира да се запишат 204 ученици, во 6 паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно | Мак .јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно |
| угостителско - туристичка | хотелско-туристички техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | готвач III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | келнер III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| економскоправна и трговска | економски техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | автотехничар-мехатроничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | автомеханичар III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |

Бр.09-192/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии со учениците од ООУ "Климент Охридски"-Миравци, којашто ќе се реализира во тековната 2017/2018 година.

2.Програмата е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Климент Охридски"- Миравци.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-193/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 54 став (1) алинеа 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10..... 71/16 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.18/05, 01/10 и 07/11г. ).

**Член 2**

Се менува член 17 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија, и гласи:

"За вршење на авто-такси превоз на патници, се утврдува следнава тарифа за пресметување на цената на превозот:

- **Старт (почеток) на превозот до 1,5 км – 50 денари,**
- **За секој изминат километар – 23 денари,**
- **Чекање во траење од една минута – 4 денари".**

Член 3

Останатите членови на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија остануваат непроменети.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-194/1
29.01.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за учество на општина Гевгелија во реализација на проектот "Изградба на две прифатилишта за бездомни животни" во Гевгелија и Струмица, во рамките на Југоисточниот плански регион ........ 1

2.Заклучок по Годишниот извештај за остваувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2017 година ........ 1

3.Одлука за утврдување на Листа на информации од јавен карактер, чиј имател е општина Гевгелија ........ 2

4.Одлука за ажурирање на процената за загозеноста на подрачјето на општина Гевгелија од сите риици и опасности ........ 5

5.План за запишување на ученици во 1-ва година средно образование во СОУ "Ј.Јосифовски" Гевгелија во 2018/2019 год. ........ 5

6.Решение за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии со учениците од ООУ "К.Охридски" Миравци ........ 7

7.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ........ 7

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**